| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 37614/1-3 |
|---|---|---|
| | | Датум: 05.10.2020 |
| | | Страна: 1/3 |

# ОДЛУКА

## За отпочнување на постапка за присоединување

Согласно Член 21 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на ден 05.10.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За отпочнување на постапка за присоединување**

1. Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје одлучи да отпочне статусна промена - присоединување на Охридска Банка АД Скопје.
2. Присоединувањето на Охридска Банка АД Скопје ќе биде извршено во согласност со применливата регулатива, со пренос на целокупниот имот и обврски на Охридска Банка АД Скопје, без спроведување на ликвидација, во замена за акции на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.
3. Акционерите на Охридска Банка АД Скопје ќе добијат акции од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во соодност пресметан во согласност со применливата регулатива и утврден во Спогодбата за присоединување.
4. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, за целите на размената, ќе ја зголеми основната главнина со издавање на акции преку приватна понуда, во согласност со применливата регулатива за статусни промени.
5. За целите на присоединувањето, се овластува Надзорниот одбор на Банката да договори и склучи Спогодба за присоединување, која ќе ги содржи податоците предвидени во Законот за трговските друштва. Спогодбата за присоединување ќе стане полноважна по одобрувањето од Собранието на акционери на двете банки, а по претходна добиена дозвола за статусна промена од страна на Гувернерот на Народната Банка.
6. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ќе поднесе барање до Народната Банка за добивање дозвола за одобрување на статусна промена - присоединување на Охридска Банка АД Скопје заедно со целокупната документација потребна согласно применливата регулатива, во период не подолг од шест месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.
7. Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Тамара Тренчевска

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА
5

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
Кон Одлуката за отпочнување постапка за присоединување

Во согласност со својот долгорочен стратешки план, во ноември 2019 година, Steiermärkische Bank und Sparkassen AG се стекна со мнозинство акции во Охридска Банка АД Скопје и на овој начин стана мнозински акционер во втора банка во Северна Македонија, откако во 2008 се стекна со мнозинство акции во Шпаркасе Банка. Поради постигнување на максимална оптимизација на пазарниот удел, ресурсите и ефикасноста, ќе отпочнува постапка за интеграција на двете банки. Видот на статусната промена која се предлага е присоединување на Охридска Банка АД Скопје (ОБ) кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (ШБМ) со пренос на целокупниот имот и обврски на Охридска Банка АД Скопје, без спроведување на ликвидација, во замена за акциите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, во согласност со применливата регулатива за статусни промени.

Во согласност со Член 517 од Законот за трговските друштва, акционерите на ОБ имаат право да добијат акции од ШБМ во сооднос кој ќе се пресмета во согласност со применливата регулатива и ќе биде предмет на ревизија од овластен ревизор дали индексот на размена на акциите е праведен и разумен. Со цел да се обезбедат акции за акционерите на ОБ, ШБМ ќе ја зголеми основната главнина и ќе издаде акции преку приватна понуда, во согласност со применливата регулатива за статусни промени.

Поради целите на присоединувањето, Надзорниот одбор се овластува да договора и склучи Спогодба за присоединување со податоци и содржина предвидена во Законот за трговските друштва. Покрај другите податоци, Спогодбата ќе содржи и податоци за: начинот на пренос на имотот и обврските на друштвото што се присоединува кон друштвото коешто презема; целта и условите под коишто се врши присоединувањето; соодносот според којшто ќе се врши размена на акциите, а ако е потребно, и висината на доплатата во пари, односно акциите коишто треба да се стекнат од зголемената основна главнина на друштвото коешто презема и правата и обврските коишто тие ги даваат; начинот на преземање на акциите и датумот од којшто преземените акции им даваат право на учество на акционерите во добивката на друштвото коешто презема и сите подробности коишто се од значење за остварување на тоа право; датумот на којшто ќе бидат запрени деловните активности на друштвото што се присоединува; условите под коишто на вработените ќе им продолжи работниот однос во друштвата коишто преземаат; други прашања од заеднички интерес за остварување на присоединувањето.

Во согласност со Законот за банки, статусната промена е предмет на обезбедување на дозвола од страна на Гувернерот на Народната Банка. Спогодбата за присоединување ќе стапи во сила по одобрувањето од страна на Собранието на акционери на двете банки, а по претходна дозвола за статусни промени од Гувернерот на Народната Банка. Имајќи го предвид обемот на документите потребни за споменатата дозвола од НБРСМ, постапката пред Народната Банка ќе отпочне во период не подолг од шест месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.